**“ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД” Куманово**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
## За период 01-12 2018 година

**Јули, 2019**

**Служба за внатрешна ревизија**

# Содржина:

1. Вовед....................................................................................................3
2. Извршени ревизии за работењето на ФЗЦ 11 Октомври за период 01-12 2018 година.................................................................................................4
3. Предложени мерки и нивно спроведување................................................5
4. Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија.......................................................................................5
5. Годишен план за 2019 година.......................................................................6

# Вовед

Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото. Целта на оваа служба е да утврди дали и како се применуваат процедурите, регулативата и стандардите, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали се остваруваат целите на компанијата.

Предмет на ревизија се позначајни сегменти од работењето на друштвото кои се предвидени и опфатени во Годишниот план за ревизија, контрола на некој настан во компанијата случајно воочен од страна на ревизорот како и по налог на ограните за управување или одговорниот раководител.

Ревизорски техники кои се употребувани во текот на ревизијата се набљудување на процесите, непосреден увид во документација, интервјуа со непосредни извршители, статистичка контрола и метод на статистички примерок или целосна контрола.

**Извршени ревизии за работењето на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово за период 01-12 2018 година.**

Во текот на 2018 година Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизорски активности во согласност со доставениот Годишен план за ревизија во кои беа опфатени следните точки:

- Процес на имплементација на нов софтвер
- Новонабавена опрема за линија 610 односно ултразвучни апарати, ХФ Генератор и сталак за заварување.

Вршењето на ревизијата беше во согласност со Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија.

1.Ревизја на процес на имплементација на нов софтвер:

Имплементација на нов софтвер во сектор **ЕКОНОМИКА И ФИНАНСИИ**:

Во текот на минатата година беа поставени темелите на новиот софтвер ЕУРЕКА и во текот на 2018 година да се продолжи во континуитет со работа на истиот. Иако немаше доволно кадар на почетокот на годината со целосна посветеност и продолжено работно време се работеше паралелно и во стариот и во новиот софтвер. Целокупната документација во секторот економика и финансии се обработуваше континуирано во двата програми до месец јуни, кога се постигна целосно усогласување и понатаму од месец јули се продолжи со работа исклучиво со ЕУРЕКА. Се усогласија сите салда и биланси и се изврши проверка на точност на внесени податоци во новиот софтвер. Новиот софтвер даде исклучително добри резултати во навремено внесување на податоци, точност, прецизност и ажурност на побарувања и обврски во секое време. Подобара прегледност и визуелен изглед на книговотствени картици и биланси. Побрза изработка на ДДВ пријави.

Имплементација на нов софтвер во сектор **РАЗВОЈ И ПОДГОТОВКА**:

Во текот на месец јануари 2018 година секторот развој и подготовка се вклучи во работа во новиот софтвер во делот на внесување на идентни броеви на готови производи опфаќајќи внес на шифри, класификација, групи, ДДВ,

плански цени како и специфични тежини за да може магацинската служба да изработува етикети за готовите производи.

Засега новиот софтвер активно се користи исклучиво во сектор ЕКОНОМИКА И ФИНАНСИИ во останатите сектори се работи на поставување на услови за отпочнување на негова примена.

2.Новонабавена опрема за линија 610 односно ултразвучни апарати, ХФ Генератор и сталак за заварување.

Ултразвучен апарат е набавен и имплементиран во декември 2018 година и почнува да се користи од 2019 година па резултатите од неговото работење ќе ги согледаме следаната година, истото се однесува и за ХФ генератор како и за сталакот за заварување.

**Предложени мерки и нивно спроведување:**

Наодите и предложените мерки се прифатени од раководните лица и е спроведена нивна имплементација која се следи од страна на Службата за внатрешна ревизија.

Идентификуваните наоди имаат нискоризичен карактер и немаат материјално значење за друштвото.

**Реализација на поставените цели според годишниот план на Службата за внатрешна ревизија:**

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2018 година работеше согласно усвоениот годишен план за истата година.

Активностите коишто се наведени во планот се делумно исполнети и согласно расположливите временски рамки и човечки ресурси. Имплементацијата на новиот софтвер е делумно успешно поставена останува да се работи на доработка на системот и истиот да се прилагоди за користење од страна на останатите сектори.

Предвидените активности што се однесуваат на новонабавената опрема се прологираат за наредниот период и се предвидени во планот за внатрешна ревизија во 2019 година.

**Годишен план за 2019 година:**

Во текот на март 2019 година беше изработен Годишниот план за работење на Службата за внатрешна ревизија за 2019 година и истиот е усвоен од страна на Одбор на директори.

Служба за внатрешна ревизија

М. Стасевска